unite for children

unicef

# СООПШТЕНИЕ ЗА МЕДИУМИ

# УНИЦЕФ: Без заштитна околина, децата имаат суров живот

## *УНИЦЕФ објавува најнов Извештај за заштита на децата*

**ТОКИО, 6 октомври 2009 –** Иако е направен напредок во намалувањето на некои повреди на детските права, се уште не се знае доволно за степенот на злоупотреба врз децата. Насилството и експлоатацијата остануваат сурова реалност во животот на многу деца во светот.

Милиони момчиња и девојчиња во светот се предмет на трговија, немаат родителска грижа или немаат лични документи за да можат да посетуваат училиште и за да имаат пристап до основна здравствена грижа. Уште неколку милиони се принудени да работат во штетни услови, додека други се соочуваат со насилство или злоупотреба во сопствените домови, училишта, заедници, институции или додека се во притвор, често од страна на возрасното лице на кое му е поверена грижата за детето.

Овие прашања се разгледуваат во новиот извештај на УНИЦЕФ -- *"Напредок за децата: Извештај за заштита на деца,"* – објавен денеска во Токио од страна на Извршниот директор на УНИЦЕФ Ен М. Венеман.

Во такви околности децата искусуваат фундаментални прекршоци на своите човекови права и претрпуваат физичка и психолошка штета која има далекусежно и понекогаш непоправливо влијание.

„Општеството не може да напредува доколку неговите најмлади членови се принудени на брак на рана возраст, злоупотребени како сексуални работници или доколку се негираат нивните основни права," рече Венеман. „Разбирањето на степенот на злоупотреба на правата на децата е прв чекор кон градење на околина каде децата се заштитени и имаат можност да го постигнат својот целосен потенцијал."

Извештајот за прв пат заедно ги собира информациите за разни прашања кои влијаат врз децата, вклучително и сексуална злоупотреба и трговија, малолетнички брак, физичко казнување на деца, деца како работна сила, пријавување на децата при раѓање, лошата традиционална пракса за сакатење на женски гениталии и ставови во поглед на насилство врз жените во бракот.

Некои злоупотреби – како што се сексуална експлоатација и трговија со деца – вообичаено се извршуваат во услови на тајност и нелегалност, и со тоа собирањето на точни податоци е дополнителен предизвик.

Според достапните информации, очигледен е извесен напредок. На пример, податоците покажуваат дека во Бангладеш, Гвинеја и Непал – трите земји каде бракот меѓу деца преовладува – просекот на возраста за брак расте, иако се уште е под 18 годишна возраст. Извештајот исто така забележува бавен пад во сакатењето на женските гениталии во земјите каде таа злоупотреба е честа.

Во наодите на извештајот е вклучено:

- Повеќе од половина од децата во притвор низ светот не биле на судење или пак добиле пресуда.

- Во некои делови од светот, две третини од родените деца не биле пријавени во 2007 година. Во Сомалија и Либерија, помалку од 5 проценти родени деца се пријавени. Пријавувањето на децата по раѓањето е важен елемент во градење на заштитувачка околина за децата од голем број причини, вклучително и тоа дека без извод на родени тие се поподложни на сексуална експлоатација, трговија и нелегално посвојување.

- Повеќе од 150 милиони деца на возраст меѓу 5 и 14 години се ангажирани како работна сила. Детскиот труд често е и резултат и генератор на сиромаштија. Може да го оневозможи образованието на децата и да ја овековечи сиромаштијата која ги натерала да работат.

- Повеќе од половина од жените и девојките во земјите во развој сметаат дека насилството врз жената е прифатливо, а помладите жени се подеднакво спремни да го оправдааат насилството како и постарите жени. Во повеќето области, запоставувањето на децата е најчесто наведено оправдување за насилство врз жената.

Извештајот исто така нуди стратегија за подобрување на заштитата на децата, препознавајќи пет области на активности кои се потребни за подобрување на заштитна средина за децата: 1) подобрување на системите за заштита на децата; 2) промоција на социјална промена; 3) зголемување на заштита во итни случаи; 4) зајакнување на партнерства за поголемо влијание; и 5) собирање веродостојни податоци и користење на тие податоци за постигнување конкретни резултати за децата.

„Овој извештај за штетни практики и злоупотреба на децата доаѓа само шест недели пред 20 годишнината од Конвенцијата за правата на детето,“ рече Венеман. „Доказите за злоупотребата на децата која продолжува мора да го мотивира светот да вложи поголем напор за гарантирање на правата на сите деца, насекаде.”

###

**Основни информации**

*УНИЦЕФ е присутен во преку 150 држави и територии со цел да им помогне на децата да опстанат и да напредуваат, од раното детство до адолесценцијата. Како светски најголем набавувач на вакцини за земјите во развој, УНИЦЕФ го поддржува здравјето и исхраната на децата, чиста вода за пиење и санитетско-здравствени услови, квалитетно основно образование за сите момчиња и девојчиња и заштита на децата од насилство, експлоатација и СИДА. УНИЦЕФ е основан целосно од доброволни придонеси на индивидуални лица, бизниси, фондации и влади.*

**За дополнителни информации, ве молиме контактирајте ги**:

Јуне Кунуџи, Директор на УНИЦЕФ Токио, + 81 3 5467 4434 (канцеларија), + 81 80 1225 7799 (мобилен), jkunugi@unicef.org

Ребека Фордхем, УНИЦЕФ Њујорк, + 1 212 236 7162 (канцеларија), rfordham@unicef.org

**Забелешка за уредникот:**

***Податоци релевантни за земјата***

Во извештајот за заштита на децата има податоци за нашата земја во однос на насилството над децата. Податоците се преземени од *Мулти индикаторското кластерско истражување 2005-2006* кое го спроведе Државниот завод за статистика со поддршка од УНИЦЕФ.

Извештајот наведува дека 69 проценти од децата на возраст од 2 до 14 години се изложени на физичко и на психолошко казнување. Од тоа 42 проценти се деца изложени на физичко и на психолошко казнување, 15 проценти само на физичко и 12 проценти само на психолошко казнување.

Насилното дисциплинирање на децата во нашата земја е распространето и покрај тоа што само 7 проценти од мајките и старателите сметаат дека децата треба физички да се казнуваат. Сепак секое второ дете на возраст од 2 до 14 години е изложено на физичко казнување.

Во споредба со другите земји од Југоисточна Европа расположивите податоци укажуваат дека децата во земјата се поизложени на насилство отколку децата во Албанија, Црна Гора и Босна и Херцеговина.

“Невозможно е да се измери вистинскиот опсег на насилството врз децата затоа што многу нешта се случуваат во тајност. Се случуваат дома, на училиште, во заедницата и во институциите – и тоа често од страна токму на оние возрасни лица кои би требало да ги штитат децата.” Рече г-ин Шелдон Јет, претставник на УНИЦЕФ во земјата.

“Превенцијата е најдобар облик на заштита. Секое општество треба да создаде околина во која законите, услугите и однесувањето во пракса го намалуваат ризикот од насилство над децата а доколку станат жртви на насилство им пружаат соодветна поддршка,” продолжи г-ин Јет.